Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

АНАЛИЗА
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА ФОНДОТ И НА БУЏЕТИТЕ НА ЈЗУ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2023 ГОДИНА

Вовед

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.142/2016 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОРСМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Фондот изготвува месечни и квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува до Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОРСМ

Во периодот јануари-јуни 2023 година Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија оствари вкупни приходи во износ од 21.225.999 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се зголемени за 3,9%.

Структурата на приходите е следната:

-Даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	58,72%
-Приходи од придонеси од корисници на пензии	22,65%
-Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	6,03%
-Трансфери од Министерство за труд (породилно)	9,35%
-Неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	1,19%
-Придонеси на корисници на права од социјална заштита	0,33%
-Приходи од Агенцијата за вработување	0,28%
Придонес за здравствено осигурување субвенциониран од државата (МТСП)	1,37%
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување субвенциониран од државата (МТСП)	0,09%

РАСХОДИ НА ФЗОРСМ

Во периодот јануари-јуни 2023 година Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија оствари вкупни расходи во износ од 19.671.484 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 46,14% и во вкупен износ се под планираното за истиот период за 7,7%.

Структурата на расходите е следната:

Здравствени услуги	87%
Надоместоци	11,6%
Административни (функционални) расходи)	1,4%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОРСМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 30.06.2023 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги е во висина од 11.744.523 илјади денари, односно 48,53% од вкупните надоместоци на ЈЗУ за 2023 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во периодот јануари-јуни 2023 години ЈЗУ остариле вкупни приходи во износ од 13.233.820 илјади денари од кои: приходи од ФЗОРСМ (88,75%), сопствени приходи (10,96%) и приходи од донации (0,29%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2023 година изнесуваат 13.012.474 илјади денари.

Структурата на платените средства за расходи е следната:

Плати и надоместоци	51,21%
Материјали и ситен инвентар	28,90%
Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	5,78%
Останати расходи	14,11%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во периодот јануари-јуни 2023 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 4.158.840 илјади денари.

Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со истиот период од 2022 година (износ 3.515.682 илјади денари) се зголемени за околу 18,3%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 30.06.2023 година изнесуваат 6.889.062 илјади денари, кои споредени со состојбата на 30.06.2022 година (износ 7.561.292 илјади денари) се намалени за 8,9%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 30.06.2023 година изнесуваат 4.947.765 илјади денари и во однос м.мај 2023 година (5.040.965 илјади денари) се намалени за 1,8%.

Најголемо намалување на долговите во м.јуни во однос на состојбата во м.мај има кај следните ЈЗУ:

	во 000 денари
ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	-49.213
ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	-36.265
Клиничка болница-Штип	-18.663

Најголем пораст на долговите споредбено во м.јуни во однос на м.мај има во следните ЈЗУ:

	во 000 денари
ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	14.447
Општа болница-Струмица	12.352
ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	11.720

ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ
НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I. ПРИХОДИ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Остварени вкупни приходи

Во периодот јануари-јуни 2023 година во Фондот се остварени приходи во износ од 21.225.999 илјади денари, што претставува просечен месечен приход во износ од 3.537.666 илјади денари.

Остварените приходи за периодот јануари-јуни 2023 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2022 година (износ 17.794.799 илјади денари) се зголемени за 19,3%.

Планирани приходи

Планираните вкупни приходи за периодот јануари-јуни 2023 година изнесуваат 20.436.127 илјади денари или просечно месечно 3.406.021 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се зголемени за околу 3,9%.


Вкупни приходи јануари-јуни 2023/2022

во (000) денари

Опис	Остварено јануари-јуни 2022	Буџет 2023 година	Остварено јануари-јуни 2023	% на остварени приходи во периодот јануари-јуни 2023 во однос на буџетот 2023 година	% на остварени приходи јануари-јуни 2023/2022
Вкупен приход	17.794.799	42.636.000	21.225.999	49,78%	119,28%

Графички приказ на вкупни приходи за период јануари-јуни 2023/2022 година

во (000) денари



Движење на вкупните приходи
за период јануари-јуни 2023 година

во (000) денари

Месец	план 2023	остварено 2023	% на остварување
јануари	3.074.827	3.321.947	108,04%
февруари	3.480.456	3.147.374	90,43%
март	3.536.091	3.622.857	102,45%
април	3.526.640	3.385.480	96,00%
мај	3.331.389	3.872.770	116,25%
јуни	3.486.724	3.875.572	111,15%
Вкупно	20.436.127	21.225.999	103,87%

ИЗВЕШТАЈ
за остварени приходи на Фондот за здравствено осигурување-2023 година

во (000) денари

конто	Приходи	Остварено јануари-јуни 2022 година	Буџет 2023 година	Остварено јануари-јуни 2023 година	% на остварување во однос на буџетот 2023 година	% на остварување 2023/2022	% на учество во вкупните приходи
1	*2*	*3*	*4*	*5*	*6(5/4)*	*7(5/3)*	*8*
	ВКУПНО ПРИХОДИ:	**17.908.759**	**42.636.000**	**21.225.999**	**49,78%**	**118,52%**	**100,00%**
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**15.987.820**	**37.863.000**	**18.988.116**	**50,15%**	**118,77%**	**89,46%**
712	**Придонеси од плати за социјални фондови**	15.987.820	37.863.000	18.988.116	50,15%	118,77%	89,46%
7122	Придонеси од бруто плати и надоместоци	10.284.040	24.372.000	12.463.295	51,14%	121,19%	58,72%
712511	Придонеси од АВРМ	65.934	153.000	58.794	38,43%	89,17%	0,28%
712512	Приход од ПИОМ	3.841.587	9.750.000	4.806.635	49,30%	125,12%	22,65%
712513	Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.129.204	3.000.000	1.279.178	42,64%	113,28%	6,03%
712514	Приходи од МТСП (придонес)	62.286	138.000	69.234	50,17%	111,16%	0,33%
712515	Придонес за здравствено осигурување субвенциониран од државата (МТСП)	567.079	450.000	291.607	69,11%	51,42%	1,37%
712516	Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување субвенциониран од државата (МТСП)	37.691		19.372		51,40%	0,09%
712517	Придонес за здравствено осигурување за мерка за субвенционирање на придонеси за време на вонредна состојба (Трансфер од МТСП -МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА)						
712518	Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување за мерка за субвенционирање на придонеси за време на вонредна состојба (Трансфер од МТСП -МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА)						
712519	Придонес за здравствено осигурување за мерка за субвенционирање на придонеси за вработени во медиуми на надминување на состојбата со COVID 19 за време на вонредна состојба						
712520	Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување за мерка за субвенционирање на придонеси за вработени во медиуми за надминување на состојбата со COVID 19 за време на вонредна состојба						
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**255.720**	**575.000**	**253.204**	**44,04%**	**99,02%**	**1,19%**
725	**Други неданочни приходи**	255.720	575.000	253.204	44,04%	99,02%	1,19%
725946	Приход од Партиципација	222.701	455.000	211.362	46,45%	94,91%	1,00%
725	Други приходи	33.020	120.000	41.843	34,87%	126,72%	0,20%
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**1.665.218**	**4.198.000**	**1.984.678**	**47,28%**	**119,18%**	**9,35%**
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	1.665.218	4.198.000	1.984.678	47,28%	119,18%	9,35%
741112	Приходи од МТСП (породилни)	1.551.259	3.198.000	1.984.678	62,06%	127,94%	9,35%
741114	Приходи од претходни години		1.000.000				

Графички приказ на структурата на остварените приходи во периодот јануари-јуни 2023 година



1. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

во (000) денари

приходи	Остварено јануари-јуни 2022 година	јануари-јуни 2023 година			% на остварување јануари-јуни 2023/2022	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот		
1	*2*	*3*	*4*	*5 (4/3)*	*6 (4/2)*	*7*
Придонеси од бруто плати и надоместоци	10.284.040	11.844.808	12.463.295	105,22%	121,19%	65,64%
Придонеси од АВРМ	65.934	76.500	58.794	76,86%	89,17%	0,31%
Приход од ПИОМ	3.841.587	4.834.319	4.806.635	99,43%	125,12%	25,31%
Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.129.204	1.500.000	1.279.178	85,28%	113,28%	6,74%
Приходи од МТСП (придонес)	62.286	69.000	69.234	100,34%	111,16%	0,36%
Придонес за здравствено осигурување субвенциониран од државата (МТСП)	567.079	225.000	291.607	138,21%	51,42%	1,54%
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување субвенциониран од државата (МТСП)	37.691		19.372		51,40%	0,10%
Придонес за здравствено осигурување за мерка за субвенционирање на придонеси за време на вонредна состојба (Трансфер од МТСП -МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА)	0	0	0	0,00%		0,00%
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување за мерка за субвенционирање на придонеси за време на вонредна состојба (Трансфер од МТСП -МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА)	0	0	0	0,00%		0,00%
Придонес за здравствено осигурување за мерка за субвенционирање на придонеси за вработени во медиуми на надминување на состојбата со COVID 19 за време на вонредна состојба	0	0	0	0,00%		0,00%
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување за мерка за субвенционирање на придонеси за вработени во медиуми за надминување на состојбата со COVID 19 за време на вонредна состојба	0	0	0	0,00%		0,00%
Вкупно:	**15.987.820**	**18.549.627**	**18.988.116**	**102,36%**	**118,77%**	**100%**

1.1 Приходи од придонеси од бруто плати на вработените

Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години


Овие приходи учествуваат со 58,72% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2023 година.

Во периодот јануари-јуни 2023 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 12.463.295 илјади денари и се со процент на остварување од 51,14% во однос на годишниот план.

Овие приходи споредени со истиот период од 2022 година бележат зголемување од 21,2%.

Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во периодот јануари-јуни 2023 година е нерамномерна и е над планираното за истиот период за5,2%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци за период јануари-јуни 2023 година (во илјада денари)



1.2 Придонеси од корисници на пензии

Во периодот јануари-јуни 2023 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 4.806.635 илјади денари со индекс на остварување од 49,3 во однос на годишниот план.

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2023 година, овие приходи учествуваат со 22,65%.

Овие приходи споредени со истиот период од 2022 година (износ 3.841.587 илјада денари) бележат зголемување од 25,12%.

Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се на приближно исто ниво.

Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2023 година е со нерамномерна месечна уплата.

1.3 Приходи од Министерство за здравство

Во периодот јануари-јуни 2023 година, од приходите од М3 (придонеси за неосигурени лица) се добиени средства во висина од 1.279.178 илјади денари што во однос на годишниот план е процент на остварување од 42,64%.


Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 6,03%.

1.4 Придонеси на корисници на права од социјална заштита

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2023 година учествуваат со 0,33%.

Овие приходи за периодот јануари-јуни 2023 година се остварени во вкупен износ од 69.234 илјади денари, и со процент на остварување од 50,17% во однос на годишниот план.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените даночни приходи за период јануари-јуни 2023година (во илјада денари)



2. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:

- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

(во 000 денари)

Приход	Остварено јануари-јуни 2022 одина	Јануари-јуни 2023 година			% на остварување јануари-јуни 2023/2022	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
1	*2*	*3*	*4*	*5 (4/3)*	*6 (4/2)*	*7*
Приходи од партиципација	222.701	227.500	211.362	92,91%	94,91%	83,47%
Останати неданочни приходи	33.020	60.000	41.843	69,74%	126,72%	16,53%
Вкупно	**255.720**	**287.500**	**253.204**	**88,07%**	**99,02%**	**100%**

Овие приходи учествуваат со 1,19% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2023 година.


Во периодот јануари-јуни 2023 година овие приходи се остварени во износ од 253.204 илјади денари и индекс на остварување од 44,04 во однос на годишниот план.

Овие приходи споредени со истиот период од 2022 година бележат намалување од околу 1%.

Во периодот јануари-јуни 2023 година приходите од партиципација се остварени во износ од 211.362 илјади денари и имаат индекс на остварување 46,45 во однос на годишниот план.

Останатите неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2023 година се остварени во износ од 41.843 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 34,87%.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2023 година (во илјада денари)



3. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Приходи од МТСП (породилни) - Во периодот јануари-јуни 2023 година од Министерство за труд и социјална политика по основ на породилни боледувања се добиени средства во висина од 1.984.678 илјади денари, што во однос на годишниот план е остварување од 62,06%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2022 година во износ од 1.002.491 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот

На 30.06.2023 година состојбата на сметката и благајната изнесува 2.556.971 илјади денари.

II. РАСХОДИ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Остварени вкупни расходи

Во периодот јануари-јуни 2023 расходите се остварени во износ од 19.671.520 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 3.278.587 илјади денари.

Остварените расходи за периодот јануари-јуни 2023 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2022 година (износ 18.078.357 илјади денари) бележат зголемување од околу 8,8%.


Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2023 година изнесуваат 21.318.000 илјади денари или просечно месечно 3.553.000 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се намалени за 7,7%.

Вкупни расходи јануари-јуни 2023/2022 ***(во 000 денари)***

Опис	Остварено јан-јуни 2022 година	Буџет 2023 година	Остварено јан-јуни 2023 година	% ост./план	% на остварување 2023/2022
Вкупен расход	18.078.357	42.636.000	19.671.520	46,14%	108,81%

Графички приказ на вкупни расходи за период јануари-јуни 2023/2022



Движење на вкупните расходи за период јануари-јуни 2023 година


во (000) денари

Месец	план 2023	остварено 2023	% на остварување
јануари	3.553.000	3.147.915	88,60%
февруари	3.553.000	2.618.888	73,71%
март	3.553.000	3.703.970	104,25%
април	3.553.000	3.336.439	93,90%
мај	3.553.000	3.231.931	90,96%
јуни	3.553.000	3.632.377	102,23%
Вкупно	21.318.000	19.671.520	92,28%

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (98,6%)
2. Функционални расходи на Фондот (1,4%)



1. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ И ОСИГУРУВАЊЕ

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување во периодот јануари-јуни 2023/2022 *(во 000 денари)*


Опис	Остварено јануари-јуни 2022 година	јануари-јуни 2023 година			% 2023/2022 година
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
1	2	3	4	5 (4/3)	6 (4/2)
Здравствени услуги	15.749.242	18.782.000	17.114.175	91,12%	108,67%
Надоместоци	2.055.780	2.250.000	2.282.454	101,44%	111,03%
Вкупно	**17.805.022**	**21.032.000**	**19.396.629**	92,22%	108,94%

Во структурата на вкупните расходи за периодот јануари-јуни 2023 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 87% или во вкупен износ од 17.114.175 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 45,56%, додека споредени со истиот период од 2022 се зголемени за околу 8,67%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во периодот јануари-јуни 2023 година, надоместоците имаат учество од 11,6% или во вкупен износ од 2.282.454 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 101,44%, а споредени со истиот период од 2022 година се повеќе остварени за 11%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување јануари-јуни 2023 година
(во илјада денари)



2. РАСХОДИ ЗА ФУНКЦИЈАТА НА ФОНДОТ

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- капитални расходи

Расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2023 година ***(во 000 денари)***

Опис	Остварено јануари-јуни 2022 година	јануари-јуни 2023 година			% 2023/2022 година
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
1	*2*	*3*	*4*	*5 (4/3)*	*6 (4/2)*
Плати, наемнини и надоместоци	189.066	192.500	195.435	101,52%	103,37%
Стоки и услуги	72.218	73.000	73.353	100,48%	101,57%
Субвенции и трансфери	1.312	2.000	3.473	173,67%	264,68%
Капитални расходи	10.738	18.500	2.630	14,22%	24,49%
Вкупно	**273.335**	**286.000**	**274.891**	96,12%	100,57%

Во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2023 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 1,4% или во вкупен износ од 274.891 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 3,88%, и споредени со истиот период од 2022 година се на приближно исто ниво.


Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,99% и се над планираното за истиот период.

Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,21%, во однос на планот за истиот период се на приближно исто ниво, додека во споредба со истиот период од 2022 година бележат зголемување за 1,5%

Капитални расходи за период јануари-јуни 2023 година имаат остварување од 2.630 илјади денари и во однос на истиот период во 2022 година бележат намалување од 75,5%.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна во зависност од доспеаноста на обврските и под планот за истиот период.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2023 година (во илјада денари)



ФЗО

ИЗВЕШТАЈ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОРСМ ДО ЈЗУ - 2022 ГОДИНА

р.бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од Фондот за 2023 година (Седница на УО од 20.06.2023 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2023 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2023 година во однос на договорениот надоместок за 2023 година
1	Стоматолошки клинички центар	287.165.354	135.357.707	47,14%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	60.974.238	30.688.281	50,33%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	159.386.646	77.052.535	48,34%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	1.787.170.009	907.970.957	50,80%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	557.457.454	223.571.501	40,11%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	61.344.659	30.191.312	49,22%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	205.076.905	96.692.301	47,15%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	206.612.204	70.770.997	34,25%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	154.962.475	66.865.413	43,15%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	88.453.715	42.050.397	47,54%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	217.086.898	113.140.249	52,12%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	584.388.609	341.974.627	58,52%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	88.830.448	44.560.250	50,16%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	731.913.748	259.491.135	35,45%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	322.808.901	151.400.965	46,90%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	85.848.645	46.945.138	54,68%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	419.928.569	217.841.337	51,88%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	302.880.990	131.079.472	43,28%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	160.984.994	78.397.453	48,70%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	222.446.187	110.315.185	49,59%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	255.735.718	126.933.208	49,63%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	193.747.291	103.242.445	53,29%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	140.775.603	69.539.373	49,40%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	178.309.394	88.186.465	49,46%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	116.724.508	57.717.284	49,45%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	196.099.639	95.310.664	48,60%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	651.723.887	322.269.758	49,45%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	108.635.849	49.053.256	45,15%
29	ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербална комуникација -Скопје	41.553.366	20.517.788	49,38%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	763.135.667	333.550.031	43,71%
31	Клиничка болница-Битола	863.675.055	427.391.685	49,49%
32	Општа болница-Гостивар	419.489.380	216.932.824	51,71%
33	Општа болница-Кичево	176.814.924	82.271.640	46,53%
34	Општа болница-Куманово	572.942.890	282.647.629	49,33%
35	Општа болница-Охрид	455.785.256	239.737.943	52,60%
36	Општа болница-Струга	295.607.129	146.202.375	49,46%
37	Општа болница-Струмица	355.712.454	171.404.152	48,19%
38	Клиничка болница-Тетово	817.968.553	384.775.232	47,04%
39	Општа болница-Велес	333.157.626	162.219.210	48,69%
40	Клиничка болница-Штип	581.756.768	307.413.038	52,84%
41	Градска општа болница 8-ми септември	1.460.056.669	690.685.556	47,31%
42	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	463.867.349	230.455.784	49,68%
43	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	261.873.863	126.291.289	48,23%
44	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	256.920.269	127.306.755	49,55%
45	Психијатриска болница-Скопје	253.261.183	124.753.729	49,26%
46	Психијатриска болница-Демир Хисар	168.759.180	82.953.060	49,15%
47	Психијатриска болница-Негорци	73.248.606	36.082.868	49,26%
48	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	38.362.094	18.954.030	49,41%
49	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	242.072.460	119.690.820	49,44%
50	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	81.557.973	40.352.657	49,48%
51	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	108.547.462	53.335.146	49,14%
52	ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербална комуникација-Битола	19.137.030	9.475.676	49,51%
53	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	170.692.688	84.747.563	49,65%
54	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	30.742.321	15.191.775	49,42%
55	Геронтолошки завод-Скопје	144.320.298	70.773.432	49,04%
56	Завод за нефрологија-Струга	221.692.884	109.730.962	49,50%

р.бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од Фондот за 2023 година (Седница на УО од 20.06.2023 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2023 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2023 година во однос на договорениот надоместок за 2023 година
57	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	30.884.994	15.272.332	49,45%
58	Здравствен дом Битола	154.720.292	76.097.392	49,18%
59	Здравствен дом Гостивар	125.164.379	61.575.096	49,20%
60	Здравствен дом Кичево	63.517.609	31.269.871	49,23%
61	Здравствен дом Крива Паланка	92.232.307	45.484.346	49,31%
62	Здравствен дом Куманово	131.539.762	64.355.591	48,92%
63	Здравствен дом Охрид	103.971.979	51.257.130	49,30%
64	Здравствен дом Струга	65.739.894	32.142.702	48,89%
65	Здравствен дом Струмица	86.530.635	42.072.225	48,62%
66	Здравствен дом Тетово	153.074.237	74.768.859	48,84%
67	Здравствен дом Велес	85.848.371	42.153.847	49,10%
68	Здравствен дом Штип	65.291.248	31.840.838	48,77%
69	Здравствен дом Берово	37.933.810	18.737.603	49,40%
70	Здравствен дом Македонски Брод	42.735.393	21.056.374	49,27%
71	Здравствен дом Валандово	43.405.271	21.034.090	48,46%
72	Здравствен дом Вевчани	61.247.612	30.849.538	50,37%
73	Здравствен дом Виница	46.844.966	23.100.154	49,31%
74	Здравствен дом Делчево	71.198.483	35.090.403	49,29%
75	Здравствен дом Демир Хисар	42.938.023	21.190.340	49,35%
76	Здравствен дом Кратово	40.418.869	19.314.791	47,79%
77	Здравствен дом Крушево	37.902.525	18.682.009	49,29%
78	Здравствен дом Неготино	75.171.952	37.074.983	49,32%
79	Здравствен дом Пехчево	29.738.619	14.689.373	49,39%
80	Здравствен дом Пробиштип	39.256.860	19.357.620	49,31%
81	Здравствен дом Радовиш	52.472.305	25.196.416	48,02%
82	Здравствен дом Ресен	62.348.031	30.770.511	49,35%
83	Здравствен дом Ростуше	24.256.442	11.958.981	49,30%
84	Здравствен дом Свети Николе	52.343.361	25.794.953	49,28%
85	Здравствен дом Скопје	912.436.546	440.822.247	48,31%
86	Здравствен дом Железничар	36.451.953	17.964.151	49,28%
87	Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје	14.213.616	7.016.538	49,36%
88	Здравствена станица Железара	39.839.524	19.669.176	49,37%
89	Институти-Медицински факултет	289.080.670	143.595.809	49,67%
90	Институт за трансфузиона медицина на РМ	658.618.248	330.412.478	50,17%
91	Институт за јавно здравје на Република Македонија	165.390.868	81.770.955	49,44%
92	Центар за јавно здравје-Битола	46.680.502	23.060.002	49,40%
93	Центар за јавно здравје-Велес	34.661.846	16.992.449	49,02%
94	Центар за јавно здравје-Кочани	27.820.188	13.727.896	49,35%
95	Центар за јавно здравје-Прилеп	31.685.973	15.617.491	49,29%
96	Центар за јавно здравје-Куманово	36.851.129	18.117.044	49,16%
97	Центар за јавно здравје-Скопје	37.375.670	17.958.557	48,05%
98	Центар за јавно здравје-Струмица	17.754.267	8.751.423	49,29%
99	Центар за јавно здравје-Тетово	42.802.141	21.072.380	49,23%
100	Центар за јавно здравје-Штип	23.341.171	11.495.225	49,25%
101	Центар за јавно здравје-Охрид	25.339.949	12.447.650	49,12%
102	Институт за Медицина на трудот на РМ	41.421.578	19.066.856	46,03%
103	Здравствена станица-Липково	30.804.172	15.024.200	48,77%
104	Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на РМ	82.798.750	41.266.249	49,84%
105	Општа болница со проширена дејност Кочани	204.523.099	100.111.962	48,95%
106	Општа болница со проширена дејност Дебар	139.510.424	69.793.604	50,03%
107	Општа болница со проширена дејност Гевгелија	205.957.176	99.703.474	48,41%
108	Општа болница со проширена дејност Кавадарци	253.062.213	124.475.285	49,19%
109	Општа болница со проширена дејност Прилеп	663.915.559	327.947.177	49,40%
	ВКУПНО:	**24.201.250.395**	**11.744.522.960**	**48,53%**

ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

I. ПРИХОДИ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во периодот јануари-јуни 2023 година се остварени во износ од 13.233.820 илјади денари.

Одобрениот износ на средства од Фондот во периодот јануари-јуни 2023 година изнесува 11.744.523 илјади денари и во структурата на вкупните приходи учествува со 88,75%.

Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во периодот јануари-јуни 2023 година се остварени во вкупен износ од 1.450.827 илјади денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 10,96%, а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 34,85%.

Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 38.470 илјади денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 22,15% и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0,29%.

Структура на приходи јануари-јуни 2023 год *во (000) денари*

Приходи	остварено јануари-јуни 2022 година	планирани приходи 2023 година	остварено јануари-јуни 2023 година	% Ост/план	% 2023/2022	% на учество во вкупните приходи јануари-јуни 2023
Приходи од Фондот	10.463.310	24.201.250	11.744.523	48,53%	112,24%	88,75%
Сопствени приходи	1.407.931	4.162.988	1.450.827	34,85%	103,05%	10,96%
Приходи од донации	60.886	173.713	38.470	22,15%	63,18%	0,29%
Вкупно	**11.932.127**	**28.537.952**	**13.233.820**	**46,37%**	**110,91%**	**100%**

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2023 година



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ
за приходите на ЈЗУ за период 01.01. - 30.06.2023 година

р.бр.	конто	Опис	Планиран годишен износ	јануари	февруари	март	април	мај	јуни	Кумулатив	% ост/план	% на учество во вкупните приходи
1	*2*	*3*	*4*	*5*	*6*	*7*	*8*	*9*	*10*	*11*	*12(11/4)*	*13*
1		**Вкупно приходи (2+3+16):**	**28.537.951.876**	**2.093.953.728**	**1.894.415.786**	**2.393.964.154**	**2.047.708.012**	**2.304.890.186**	**2.498.888.123**	**13.233.819.989**	**46,37%**	**100,00%**
2		**Приходи од ФЗОРСМ:**	**24.201.250.395**	**1.878.165.771**	**1.729.330.390**	**2.076.373.380**	**1.802.105.054**	**2.055.777.176**	**2.202.771.189**	**11.744.522.960**	**48,53%**	**88,75%**
3		**Сопствени приходи (4-15):**	**4.162.988.322**	**207.957.312**	**160.036.853**	**315.877.200**	**234.120.847**	**247.843.808**	**284.990.540**	**1.450.826.560**	**34,85%**	**10,96%**
4	711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	0	0	0	0	0	0	0	0		
5	721	Претприемачки приход и приход од имот	270.000.000	0	18.600	18.600	18.600	18.600	18.600	93.000	0,03%	
6	722	Глоби, судски и административни такси	0	26.582	1.375	95.783	1.375	5.620	1.375	132.110		
7	723	Такси и надоместоци	1.904.752.711	127.567.357	81.306.527	198.154.208	134.429.343	142.594.227	133.508.114	817.559.776	42,92%	
8	724	Други владини услуги	14.924	0	0	209.600	50.100	59.750	0	319.450	2140,51%	
9	725	Други неданочни приходи	1.097.765.344	79.477.387	75.104.852	103.769.691	77.817.047	96.749.074	79.143.622	512.061.673	46,65%	
10	731	Продажба на капитални средства	420.000	0	30.660	1.380	0	0	0	32.040	7,63%	
11	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	0	0	0	0	0	0	72.288.829	72.288.829		
12	741	Трансфери од други нивоа на власт	890.035.343	726.818	3.556.582	13.566.438	21.804.382	8.416.537	0	48.070.757	5,40%	
13	742	Донации од странство	0	147.168	0	61.500	0	0	0	208.668		
14	744	Тековни донации	0	12.000	18.257	0	0	0	30.000	60.257		
15	771	Продажба на хартии од вредност	0	0	0	0	0	0	0	0		
16		**Приходи од донации (17-22)**	**173.713.159**	**7.830.645**	**5.048.543**	**1.713.574**	**11.482.111**	**1.269.202**	**11.126.394**	**38.470.469**	**22,15%**	**0,29%**
17	723	Такси и надоместоци	0	3.228.067	1.476.048	0	11.368	0	579.831	5.295.314		
18	725	Други неданочни приходи	5.600.000	9.000	0	0	5.775.613	152.442	3.001.421	8.938.476	159,62%	
19	741	Трансфери од други нивоа на власт	0	150.218	0	0	0	427.445	0	577.663		
20	742	Донации од странство	112.470.102	4.106.200	487.745	171.199	4.188.130	655.551	7.307.757	16.916.582	15,04%	
21	743	Капитални донации	5.404.000	0	0	0	0	0	0	0	0,00%	
22	744	Тековни донации	50.239.057	337.160	3.084.750	1.542.375	1.507.000	33.764	237.385	6.742.434	13,42%	

Салдо на крајот од претходниот месец:		898.327.244	1.004.216.917	1.693.570.724	1.042.673.254	1.056.107.362	998.092.272	
Салдо на крај од тековниот месец:		1.004.216.917	1.693.570.724	1.042.673.254	1.056.107.362	998.092.272	1.102.738.954	

ЗАБЕЛЕШКА:
* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет
** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ФЗО

ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ЗА ПЕРИОД 01.01-30.06.2022 ГОДИНА

р.бр.	Здравствена установа	Планиран годишен износ во трезор	Видови приходи			Вкупно
			Планиран износ на средства од ФЗОРСМ	Сопствени приходи	Приходи од донации	
1	*2*	*3*	*4*	*5*	*6*	*7 (4+5+6)*
1	Стоматолошки клинички центар	337.493.914	135.357.707	20.982.899	0	**156.340.606**
2	Клиника за максилофацијална хирургија	72.309.948	30.688.281	4.268.700	534.480	**35.491.461**
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	296.988.118	77.052.535	31.147.656	194.111	**108.394.302**
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	2.070.661.241	907.970.957	11.477.473	0	**919.448.430**
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	622.239.449	223.571.501	18.854.283	875.144	**243.300.928**
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	232.336.120	30.191.312	58.822.036	0	**89.013.348**
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	237.975.101	96.692.301	7.601.469	0	**104.293.770**
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	238.206.895	70.770.997	8.901.848	0	**79.672.845**
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	175.240.809	66.865.413	4.829.838	0	**71.695.251**
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	104.126.059	42.050.397	3.651.165	0	**45.701.562**
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	250.734.130	113.140.249	6.649.850	0	**119.790.099**
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	661.843.609	341.974.627	6.446.163	0	**348.420.790**
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	99.590.448	44.560.250	1.662.134	0	**46.222.384**
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	787.189.092	259.491.135	14.583.402	1.542.375	**275.616.912**
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	371.105.717	151.400.965	4.020.268	0	**155.421.233**
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	94.373.645	46.945.138	2.085.804	0	**49.030.942**
